КОПИЈА

Влада на Република Македонија
Министрство за култура
Управа за заштита на културното наследство
- Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОР ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
ВО УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
ЗА ПЕРИОДОТ Јануари – Јуни, 2022 година

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 12-50/43 | Аријан Асланај<br>[име и презиме] |
| Датум: | 15.07.2021 | в.д. Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје (м.п.) | [потпис] |

**Резиме**

Управата за заштита на културното наследство е орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице и основана е во 2004 година. Со работа започнува на 01.01.2005 година согласно Законот за заштита на културното наследство *(„Службен Весник на Република Македонија“ број 20/2004 година)*.

Со Управата раководи и управува Директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Во моментот Директор на Управата за заштита на културното наследство е г. Аријан Асланај.

Шестмесечниот извештај за месеците од Јануари до Јуни 2022 година за работењето на инспекциската служба во Управата за заштита на културното наследство ќе го проследиме низ неколку поглавја и тоа:

- Управувањето со ризици – во ова поглавје ќе бидат опфатени резултатите од анализата на ризици;
- Организација и раководење на инспекциската служба - ова поглавје содржи описен и табеларен приказ на организационата поставеност на кадарот во инспекциската служба и промените во екипираноста на службата во првото шестмесечје од 2022 година;
- Инспекциски надзор – поглавје што ќе содржи приказ за изворите на информации и податоци за идентификување на настанување на ризикот и информации за реализираните инспекциските надзори во првото шестмесечје од 2022 година.
- Обука на инспекторите и административните службеници – ова поглавје ги содржи информациите за специјализирани и генерички обуки во периодот од Јануари до Јуни 2022 година.
- Буџет и финансирање – поглавје кое содржи информации за буџетот и финансирањето на инспекциската служба во Управата за заштита на културното наследство.

**Управување со ризици**

Конкретни податоци за дефинираните ризични подрачја кои ќе бидат предмет на инспекцискиот надзор во Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство врз основа на претходното искуство во вршењето на работите на инспекцискиот надзор е дека *Секторот за превенција и инспекциски надзор од областа на недвижното културно наследство - археологијата, архитектурата и од доменот на историјата на уметноста како и движното културно наследство функционира на целата територија на Република Македонија.*

Како ризични подрачја се детектирани териториите кои се во надлежност на инспекторирање најмногу во Битола, Охрид, Старата скопска чаршија.

Како и минатата година така и во изминативе шест месеци од 2022 година констатираме дека Старата скопска чаршија претставува високо ризично подрачје и има голем број на противзаконски дејствија со кои е загрозено и неповратно се уништува архитектонското културното наследство кое пак е заштитено со посебен закон.

Потребни се позачестени инспекциски надзори на оваа територија, незанемарувајќи ги териториите на кои се надлежни НУ ЗЗСК и Музеј Битола, НУ Национален конзерваторски центар Скопје и НУ Конзерваторски центар Скопје. Во првото шестмесечје од 2022 со оглед на констатацијата дека подрачјето на Охрид е дефинирано како подрачје од висок ризик извршивме значително поголем број инспекциски надзори.

Не треба да се изземе фактот што постои колизија на Законот за заштита на културното наследство со другите закони пример со законот за градење како и неусогласеноста на законот за заштита на културното наследство со законот за инспекциски надзор и законот за прекршоци.

Врз основа на анализирање и утврдувањето на ризикот, критериумите за утврдување на ризикот, се јавува потребата од координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби поготово со градежната инспекција.

*Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство* како појдовни критериуми за идентификување на субјекти на надзор се служи со веќе дефинираните субјекти кои се јавуваат како носители на дозволи, одобренија, согласности и други акти издадени од страна на *Управата за заштита на културното наследство*, на наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период како и регистрите (Централниот и Националниот регистар, актите со кои е евидентирано недвижното културно наследство по видови и сл.), податоци за имателите преземени од Катастарот на Република Македонија.

Важно е да се напомене дека *Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство* покрај планираните субјекти за надзор, ќе врши и инспекциски надзори врз основа на пријави и претставки од правни

и физички лица и вонредни надзори согласно пропишаното во Законот за заштита на културното наследство.

**Организација и раководење**

Со цел подобро управување при вршењето на сите видови инспекциски надзори, инспекторирањето од **областа на заштитата и безбедноста на културното наследство** (во што се подведува и прибирањето на информации од аспект на заштитата на културното наследство, како и контрола на водење на евиденции, инвентарни и други јавни книги за заштитените добра и чувањето, достапноста и користењето на документацијата, вклучувајќи ги регистрите и документите за потеклото на добрата), како и инспекторирањето **од областа на спроведување на конкретни мерки на посегање во интегритетот на културното наследство** (преку увиди во состојбата на заштитените добра и нивно чување, одржување и користење, особено преку вршењето на археолошките, конзерваторските и други истражувања, изведувањето на работите на непосредна заштита и спроведувањето мерки на заштита и во извршувањето на законите и други прописи, но и со цел подобро разбирање на улогите на вработените, полесно вршење на координација, контрола и комуникација во работењето), *Управата за заштита на културното наследство* во својата Систематизација на работни места, во рамките на ***Секторот за превенција и инспекциски надзор*** има предвидено ***Одделение за инспекциски надзор на културното наследство и Одделение за превенција на културното наследство.***

Управата за заштита на културното наследство, работите од својата надлежност ги извршува преку:

- Директорот на Управата,
- Секторот за идентификација, заштита и користење на културното наследство;
- **Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство;**
- Сектор за регистрација, катастар, дигитализација на културното наследство и ИТ;
- Одделение за финансиски прашања и
- Одделение за управување со човечки ресурси.

Органограм на Управата за заштита на културното наследство




1. Во *Одделението за инспекциски надзор на културното наследство* нема вработено лице раководител на одделението.

   1.1. Советник инспектор за архитектонско културно наследство – 1 (еден) извршител;
   1.2. Советник инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта - 1 (еден) извршител;

2. Во *Одделението за превенција на културното наследство* нема вработено лице раководител на одделение и со истото раководи овластен раководител.

   1.1. Советник-инспектор за безбедност – 1 (еден) извршител без лиценца;
   1.2. Виш соработник за одбрана и спасување – 1 (еден) извршител;
   1.3. Помлад соработник за одбрана и спасување – 1 (еден) извршител;
   1.4. Самостоен референт за безбедност, одбрана и спасување – 1 (еден) извршител.

Во текот на овој шестмесечен период Јануари-Јуни 2022 година нема пензионирања и нови вработувања.

* До Инспекциски совет поднесено е барање за отпочнување на постапка за обука за лиценца за инспектор за лицето Марија Пујаз распоредена на работно место советник инспектор за безбедност на културното наследство. Инспекциски совет достави одговор на барање со број 14-221/3 од 27.04.2022 година со информација дека лицето Марија Пујаз ќе биде вклучено во постапка за добивање на лиценца за инспектор за што Советот дополнително ќе извести во моментот штом се формира група за интерактивна обука која ја организира и спроведува советот.

* До Министерство за финансии доставено е барање за одобрување на финансиски средства за вработување на инспектори и други , но се до овој момент немаме информации за позитивен одговор.

Кадровската екипираност на Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство е претставена во Табела бр. 1.

**Табела бр. 1**

| **СЕКТОР ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО/ОЕУЗКН** | | |
|---|---|---|
| **Раководител на сектор за превенција и инспекциски надзор<br>м-р Жаклина Петровска - Генерален инспектор<br>број на лиценца 39183001<br>број на службена легитимација 23-0001** | | |
| **Р.бр.** | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО** | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО** |
| **Раководител на одделение** | **овластен раководител<br>Марија Пујаз** | **/** |
| 1. | **Марија Пујаз,**<br>Советник-инспектор за безбедност на културното наследство<br>**(Без лиценца)** | **м-р Ружица Кочовска**<br>Советник-инспектор за архитектонско културно наследство<br>број на лиценца 39161002<br>број на службена легитимација 23-0002 |
| 2. | **Ванчо Ивановски,**<br>Виш соработник за одбрана и спасување на културното наследство | **м-р Сарита Карпузова**<br>Советник-инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта<br>број на лиценца 39183002<br>број на службена легитимација 23-0003 |
| 3. | **Гордана Јањиќ,**<br>Помлад соработник за одбрана и спасување на културното наследство | |
| 4. | **Анкица Христова,**<br>Самостоен референт за безбедност, одбрана и спасување на културното наследство | |
| **Вкупно инспектори** | **1 (еден) без лиценца** | **3 со лиценца** |

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор *во полугодието*, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за културно наследство | | | | | | Инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта | | | | | | Инспектор за архитектонско културно наследство | | | | | | Инспектор од домен на историјата на уметноста | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/ Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 –пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |

Табела 2. Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието

| Вид | Инспектор за културно наследство | | | Инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта | | | Инспектор за архитектонско културно наследство | | | Инспектор од домен на историја на уметноста | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 - генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 - главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 - пом. глав. инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 - виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 - советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | -1 |
| В2 - самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 - помошникинспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 - помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Инспекциски надзор

*Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство* изворите на информации и податоци за идентификување на настанување на ризикот досега ги користеше врз основа на вршење на инспекциски надзор, преставки, пријави, дојави од правни и физички лица, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Македонија, информации од други надлежни инспекторати.

Во зависност од бројот на субјекти кои се предмет на надзор, обемот на прописи, предметот на надзор, времето потребно за вршење на надзорот, висината на глобата која може да се изрече за недостатоците утврдени при надзорот, потребата од соработка со други органи при вршењето на инспекцискиот надзор, директорот на *Управата за заштита на културното наследство* во текот на 2015 година ги пропиша следните пет категории на сложеност на инспекциски надзори:

1. Низок степен на сложеност на ИН – 1
2. Задоволителен степен на сложеност на ИН – 2
3. Среден степен на сложеност на ИН – 3
4. Висок степен на сложеност на ИН – 4
5. Многу висок степен на сложеност на ИН – 5

Имено, најголемиот број на прекршители се точно субјектите на надзор кои ги инспекторираат инспекторите за архитектонско културно наследство, односно за нив се изготвуваат решенија со задолжувања и наложувања на инспекторот, се преземаат постапки за порамнување, се издаваат платни налози, се поднесуваат прекршочни пријави, а во својство на сведоци на судските рочишта се јавуваат инспекторите итн.

Со оглед на наведеното, неопходно е да се направат измени и дополненија на одобрените коефициенти на сложеност, согласно фактичката состојба, обем на работа и извршување на истата.

Со цел квалитетен и успешен инспекциски надзор и одбегнување на аномалии при вршењето на надзорот и корумпираност, директорот на *Управата за заштита на културното наследство* ги предвидува следните мерки:

- следење, оценување и унапредување на интегритетот на инспекторите
- администрирање на систем за поединечно и системски периодично ротирање на инспекторите од различни домени и области при вршење на инспекциските надзори,
- следење и анализирање на ризици од судар на интереси поради поврзаности на инспекторите со субјетите на инспекциски надзор, согласно пропишани постапки, а врз основа на записниците за извршените инспекциски надзори, подготовка на анализи и информации со предлози до Инспекцискиот совет,

- подготовување на процедури и следење на примената на принципот „нема погрешна врата“ кај инспекциските служби,
- следење, утврдување и проценување на нивото на корупцијата во инспекциските служби,
- надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за спречување на судир на интереси, Законот за спречување на корупција и меѓународните конвенции за борба против корупцијата, анализирање и доставување информации и предлози до Инспекцискиот совет,
- анализирање на пријавените случаи и на активностите за спречување на корупција и идентификување на трендови,
- обезбедување на податоци и информации кои ќе овозможат поефикасно и поефективно профилирање на активности за спречување на корупција,
- соодветна обука на раководителот на секторот и на раководителите на одделенијата за индикаторите за несоодветно однесување на инспекторите и за начинот на разоткривање на истите,
- класифицирање на ризикот на поединици или работни места, утврдување на работните места и дискреционите овластувања кои можат да доведат до корумпираност на инспекторите,
- утврдување на дејностите каде при вршење на инспекцискиот надзор приватниот интерес на инспекторот може да дојде во судир со јавниот интерес.

*Критериумите за оценување на реализацијата на програмата* и *индикаторите за следење на програмата* се важени елементи при реализација на програмата од причина што истите треба да го покажат напредокот во работењето на *Секторот за превенција и инспекциски надзор / Одделенијата за инспекциски надзор*, во смисла на квалитетно, квантитативно, ефективно вршење на инспекцискиот надзор, ефикасно имплементирање на законската регулатива, борба против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото и др.

- **Критериуми** - критериумот мора да ги одразува сите релевантни елементи преку кои може да се согледува и оценува успешноста на вработените во постигнувањето на целите и задачите на програмата за работа.
- **Стандарди (упатства за оценување)** - *целите* на извршувањето на задачите, вршењето на инспекциските надзори, *содржините* на завршените задачи и на извршените инспекциските надзори и *условите* за реализација на инспекциските надзори. Со нив се утврдува нивото на подготовката на инспекторите.
- **Норми** - Со помош на нормите ќе се врши и рангирање според постигнатите резултати на вработените во *Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство.*

***Сметаме за неопходно да апострофираме дека заштитата на културното наследство е специфичен процес на исклучително специфична област на инспекторирање кој се одвива секојдневно и не може да подлежи на претходно програмирање и покрај тоа што се врши врз основа на изедени акти од страна на Управата и тоа:***

- Дозвола за археолошко истражување (конкретен период на изведување),
- Конзерваторско одобрение (рок на валидност од 1, 2 или повеќе години, согласно и со одредбите од Законот за градење),
- Одобренија во врска со управување, користење, размена, отстапување, пријавување на културното наследство.

Надзорот го вршат инспектори за културно наследство - стручни лица од соодветна област, подвидови / домен – инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта, инспектор за архитектонско културно наследство, инспектор за културно наследство во доменот на историјата на уметноста и инспектор за културно наследство.

Актите се издаваат на различни субјекти на надзор и тоа:

1. Јавните установи за заштита, кои како субјекти на надзор се директно зависни од Националната годишна програма на Министерството за култура која е генерална и општа од аспект на временско прецизирање;

2. Физички и други правни лица, кои претставуваат субјект на надзор на голем дел на издадени конзерваторски одобренија кои се со различна валидност во зависност од потребите на процесот на непосредна заштита.

Во однос на проектирањето на годишната програма и изготвување на месечните планови постои специфика по однос на финансирањето на јавните установи како субјекти на надзор, што се одразува директно врз проектирањето на годишната програма и месечните планови за работата на инспекциската служба.

Имено годишната програма на Министерството за култура се објавува на почетокот на календарската година и во неа се наведени само називите на проектите без наводи за периодот во кој истите ќе се реализираат така што ***секое планирање однапред е невозможно*** бидејќи немаме податоци кога субјектите на надзор ќе отпочнат да преземаат активности за реализација на проектите, за кои пак Управата претходно ќе издаде соодветен акт / дозвола за археолошко истражување, конзерваторско одобрение и сл., врз основа на кои и се изготвуваат предлог плановите и извршуваат инспекциските надзори.

Инспекциската служба постапува и по службена должност и по пријави од граѓани и надлежни институции, односно барања за заеднички увиди со овластените лица за безбедност, како и барања за координирани заеднички инспекциски надзори од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, кои секако не може да се испланираат и програмираат однапред.

Од овие причини и од причина што инспекциската служба располага со мал број на инспекори неможе да се наведе поименично задолжување со субјекти на надзор за секој инспектор за културно наследство.

До инспекцијата стигнати се 7 пријави за противправни дејствија по културно наследство, 5 пријави за почеток со градба, 39 дозволи за археолошки истражувања, 42 конзерваторски одобренија, извештаи и други предмети по кои постапува инспекциската служба.

Во периодот Јануари-Јуни 2022 извршени се 2 редовни, 118 вонредни и 9 контролни надзори. Изречени се 14 решенија со опомена, 101 од инспекциски постапки се запрени на записник или по отстранување на недостатоците по опомените, а останатите се во тек. Спроведени се 3 постапки за порамнување и доставено е едно барање за поведување на прекршочна постапка.

Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 1 | 15 | 1 | 17 | 5 |
| 1 | Велес | 1 | 2 | 0 | 3 | 2 |
| 2 | Градско | 0 | 9 | 0 | 9 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Лозово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| 7 | Росоман | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 0 | 2 | 1 | 3 | 2 |
| 9 | Чашка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Источен регион | 0 | 8 | 0 | 8 | 0 |
| 10 | Берово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Виница | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 12 | Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 15 | Кочани | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Чешиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Штип | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Југозападен регион | 0 | 40 | 4 | 44 | 11 |
| 21 | Вевчани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 25 | Македонски Брод | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 26 | Охрид | 0 | 33 | 4 | 37 | 7 |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Струга | 0 | 5 | 0 | 5 | 3 |
| 29 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 0 | 11 | 0 | 11 | 1 |
| 30 | Богданци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |
| 33 | Василево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| 35 | Дојран | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Конче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 39 | Струмица | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| | Пелагониски регион | 0 | 16 | 1 | 17 | 3 |
| 40 | Битола | 0 | 5 | 0 | 5 | 2 |
| 41 | Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 44 | Крушево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 45 | Могила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 47 | Прилеп | 0 | 8 | 1 | 9 | 3 |
| 48 | Ресен | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| | Полошки регион | 1 | 8 | 0 | 9 | 5 |
| 49 | Боговиње | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 50 | Бревеница | 0 | 4 | 0 | 4 | 3 |
| 51 | Врапчиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | 1 | 4 | 0 | 5 | 2 |
| 53 | Желино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Североисточен регион | 0 | 7 | 2 | 9 | 4 |
| 58 | Кратово | 0 | 3 | 1 | 4 | 2 |
| 59 | Крива Паланка | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 60 | Куманово | 0 | 2 | 1 | 3 | 2 |
| 61 | Липково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 62 | Ранковце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| | Скопски регион | 0 | 13 | 1 | 14 | 5 |
| 64 | Аеродром | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 73 | Петровец | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| 77 | Центар | 0 | 8 | 1 | 9 | 3 |
| 78 | Чаир | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 79 | Чучер-Сандево | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | | 2 | 118 | 9 | 129 | 34 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Во периодот од Јануари до Јуни 2022 година не се одржани специјализирани обуки на инспекторите, ниту пак генерички обуки.

Раководителот на Сектор за превенција и инспекциски надзор зеде учество на „Работилница за ПЗД“ - организирана од Министерство за одбрана со поддршка на Канцеларијата за соработка во одбраната при Амбасадата на САД во Скопје од 07-09.06.2022 година.

**Буџет и финансирање**

Инспекциската служба се финансира од буџетот на Управата за заштита на културното наследство. Од буџетот на Управата се издвојуваат финансиски средства за плати на инспекторите и за исплата на дневници од службените патувања. Тарифник за трошоци на инспекциските постапки сеуште не е донесен.

| Конто | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 401<br>402 | **Основни плати и придонеси за социјално осигурување** | **1.116.178,00** |
| 420 | **Патни и дневни расходи** | **20.520,00** |
| 421 | **Комунални услуги-греење, комуникација и транспорт** | **19.066,00** |

**Меѓународна соработка**

Во периодот од Јануари до Јуни 2022 година не се направени контакти на меѓународно ниво.

**Други активности на инспекциската служба**

Во месец Февруари директорот на УЗКН донесе ПРОЦЕДУРА ЗА ВНАТРЕШЕН РЕД И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ЕДИНИЦА СЕКТОР ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО со број 03-317/1 од 01.02.2022 година.

Со оваа Процедура се уредува внатрешниот ред и функционирање на инспекциската служба организирана како организациска единица Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство во Управа за заштита на култунрото наследство. Процедурата содржи обрасци за водење на евиденција на субјекти на надзор, евиденција на субјекти на надзор со опомена, евиденција на распределени предмети, евиденција на распределени предмети и постапувања, евиденција на инспекциски постапки и други постапувања, евиденција на платни налози, евиденција на прекршочни постапки, евиденција на кривични постапки. Исто така, процедурата содржи и обрасци за изготвување на шестмесечни и годишни извештаи за работа поединечно за секој инспектор и административен службеник.

Процедурата овозможи унифицирано работење на инспекторите, односно водење на интерни евиденции на распределени предмети и постапувања и јасен преглед за текот на постапувањата.

Согласно член 31 став (4) алинеа 1 од законот за инспекциски надзор, раководителот на Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство донесе СТРАТЕШКИ ПЛАН НА СЕКТОР ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПРИ УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУНОТО НАСЛЕДСТВО за период 2022-2027 година со број 12-1428/1 од 30.05.2022 година.

**Заклучоци и препораки**

Во овој последен дел мораме да констатираме дека во периодот од Јануари–Јуни 2022 година Инспекциската служба на Управата за заштита на културното наследство работеше со минимален кадров капацитет од 3 (три) лиценцирани инспектори што претставува многу мал број и е потребно итно доекипирање со нов кадар.

Значаен проблем е вработувањето на нови кадри во оваа струка и од причина што платите и надоместоците на плата на стручните лица од областа на археологијата, историјата на уметноста и архитектурата во стручните институции се зголемени односно дури и двократно поголеми од платите на инспекторите за културно наследство.

Со оглед на горенаведеното ќе треба да се зголемат платите на инспекторите за културно наследство како дефицитарен кадар и кадар помалку платен од другите стручни лица кои работат во областа на заштитата на културното наследство.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за културно наследство | | | | | | Инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта | | | | | | Инспектор за архитектонско културно наследство | | | | | | Инспектор од домен на историјата на уметноста | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 - генерален инспектор | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Б2 - главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 -пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 - виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 - советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| В2 - самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 - помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 - помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| Вид | Инспектор за културно наследство | | | Инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта | | | Инспектор за архитектонско културно наследство | | | Инспектор од домен на историја на уметноста | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Зва | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 - ген | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Б2 - гла | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 - пом | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 - виш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 - сов | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 - сам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 - пом | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 - пом | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 1 | 15 | 1 | 17 | 5 |
| 1 | Велес | 1 | 2 | 0 | 3 | 2 |
| 2 | Градско | 0 | 9 | 0 | 9 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Лозово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| 7 | Росоман | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 0 | 2 | 1 | 3 | 2 |
| 9 | Чашка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Источен регион | 0 | 8 | 0 | 8 | 0 |
| 10 | Берово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Виница | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 12 | Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 15 | Кочани | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 16 | Македонска Камени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Чешиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Штип | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |
| | Југозападен регио | 0 | 40 | 4 | 44 | 11 |
| 21 | Вевчани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 25 | Македонски Брод | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 26 | Охрид | 0 | 33 | 4 | 37 | 7 |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Струга | 0 | 5 | 0 | 5 | 3 |
| 29 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Југоисточен регио | 0 | 11 | 0 | 11 | 1 |
| 30 | Богданци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |
| 33 | Василево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| 35 | Дојран | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Конче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 | Радовиш | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 39 | Струмица | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| | Пелагониски регио | 0 | 16 | 1 | 17 | 3 |
| 40 | Битола | 0 | 5 | 0 | 5 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 44 | Крушево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 45 | Могила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 47 | Прилеп | 0 | 8 | 1 | 9 | 3 |
| 48 | Ресен | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| | Полошки регион | 1 | 8 | 0 | 9 | 5 |
| 49 | Боговиње | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 50 | Бревеница | 0 | 4 | 0 | 4 | 3 |
| 51 | Врапчиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | 1 | 4 | 0 | 5 | 2 |
| 53 | Желино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Североисточен рег | 0 | 7 | 2 | 9 | 4 |
| 58 | Кратово | 0 | 3 | 1 | 4 | 2 |
| 59 | Крива Паланка | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 60 | Куманово | 0 | 2 | 1 | 3 | 2 |
| 61 | Липково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| | Скопски регион | 0 | 13 | 1 | 14 | 5 |
| 64 | Аеродром | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 73 | Петровец | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| 77 | Центар | 0 | 8 | 1 | 9 | 3 |
| 78 | Чаир | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 79 | Чучер-Сандево | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | | 2 | 118 | 9 | 129 | 34 |